РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 13 -01- 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 243/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ на **членот 1 став (4)** во врска со **членот 11 став (1)** од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија", број 51/2011).

Врз основа на член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија поднесувам Барање за автентично толкување на **членот 1 став (4)** вoврска со **членот 11 став (1)** од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија", број 51/2011) (понатаму: Закон).

Членот 1 став (4) од Законот гласи:
„(4) Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони."

Членот 11 став (1) од Законот гласи:
„ Започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Барањето за автентично толкување на членот 1 став (4) во врска со членот 11 став (1) од Законот, се однесува на надлежноста на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен да ги решава незавршените предмети од комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од области за кои истата нема стварна надлежност.

Имено, во одредбата од членот 1 став (1) од Законот, определена е надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Со ставот (4) од овој член определено е дека надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен се утврдува со посебните закони, односно со материјални закони со кои е уредена определена област.

Во преодната одредба од членот 11 став 1 од Законот, утврдено е дека започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи до започнувањето на примената на овој закон (односно, до 21 октомври 2011 година) ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон (односно, до 21 октомври 2011 година).

Меѓутоа, во Законот не е утврдено што ќе се случи со предметите кои не се решени од страна на комисиите на Владата на Република Македонија до 21 октомври 2011 година (денот на отпочнувањето на примената на Законот), поради што е потребно да се даде автентично толкување на **членот 1 став (4)** во врска со **членот 11 став (1)** од Законот во смисла на стварната надлежност на Државната комисија за постапување по истите. Ова особено ако се има предвид дека стварната надлежност на Државната комисија се определува со материјален закон, а во составот на предметите кои беа во надлежност на комисиите на Владата на Република Македонија постојат и такви за кои Државната комисија нема стварна надлежност за решавање на истите, од причина што определени материјални закони не упатуваат на надлежност на Државната комисија.

Во насока на горенаведеното, потребно е да се даде автентично толкување во смисла на надлежноста на Државната комисија за постапување по заостанатите предмети кои се примени во комисиите на Владата на Република Македонија до 21 октомври 2011 година кога отпочнува примената на овој Закон, а не се решени, како и роковите за постапување по истите.

**Пратеник**
Дарко Димитриески